**Известување за концентрација со која ПЕТРОЛ, Словеначко енергетско друштво а.д., Љубљана, Словенија стекнува индиректна контрола над ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство, Загреб (Град Загреб), Хрватска**

**(предмет бр. 08-150/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.10.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ПЕТРОЛ, Словеначко енергетско друштво, а.д. Љубљана, со седиште на Дунајска цеста 50, 1000 Љубљана, Словенија стекнува индиректна контрола над средства на ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство со седиште на ул. Матија Дивковиќ бр. 71, Загреб (Град Загреб), Хрватска.

ПЕТРОЛ е енергетско акционерско друштво основано и регистрирано во Република Словенија и претставува матична компанија на групацијата ПЕТРОЛ.

Основните активности на Групацијата Петрол ги опфаќаат сегментите на гориво и нафтени деривати, стоки и услуги и енергија и решенија.

Главните активности на матичната компанија се трговија со нафтени деривати, друга стока, електрична енергија, снабдување и продажба на гас и топлинска енергија и продажба на услуги.

Главната деловна активност на друштвото е трговија со нафтени деривати, гас и други енергетски производи. Тоа е деловна област во која ПЕТРОЛ генерира повеќе од 80 проценти од сите приходи од продажба, а исто така има водечки удел на словенечкиот пазар. Петрол поседува повеќе компании во Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Австрија, Романија преку кои врши дејност продажба на нафта и нафтени деривати, гас, дистрибуција на нафта и гас, трговија со разни стоки во рамките на нејзината мрежа на бензински пумпи, трговија со електрична енергија.

ПЕТРОЛ не е само најголема словенечка енергетска компанија, туку и најголем словенечки увозник, најголема словенечка компанија според приходите и една од најголемите словенечки трговски друштва.

Подносителот има едно поврзано друштво регистрирано во Северна Македонија, имено Друштво за трговија со електрична енергија ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Свети Кирил и Методиј бр. 20, Скопје. Главната дејност на друштвото е трговија со електрична енергија и поседува лиценца издадена од регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје е во 100% сопственост на Подносителот на Известувањето. Друштвото е активно во трговијата со електрична енергија, но не и со продажба на електрична енергија на крајните корисници. Имено, истото ги обезбедува своите услуги преку размена на електрична енергија на пазарот.

ЕНЕРГОСПЕКТАР е хрватско друштво кое е примарно активно во транспортот на стоки во патниот сообраќај, но ЕНЕРГОСПЕКТАР како компанија врши и други услуги како што се инвестиции во домување и обновливи извори на енергија.

ЕНЕРГОСПЕКТАР нема поврзани друштва со седиште надвор од Хрватска и истото не остварило никаков приход во Република Северна Македонија во 2022.

Подносителот оценува дека релевантен пазар за предложената Трансакција е пазар за патен транспорт на нафта и нафтени деривати во Северна Македонија.

Подносителот на Известувањето поднесува дека релевантниот географски пазар за концентрацијата треба да се смета како територија на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

18.10.2023 година
Скопје